РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1088/6
01-07-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 71-та седница одржана на ден 30.06.2022 година ја донесе следната

**О д л у к а**

Постапката по предметот број 12-1088/1 од 13.02.2020 година, оформен по доставена пријава против ------------------------- – Градоначалник на Општина --------------- и --------------- – директор на ОУ --------------------------- во истата општина, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што постапиле надлежни органи.

Предметот со број 12-1088/1 од 13.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 13.02.2020 година, поднесена е пријава против -------------------------- – Градоначалник на Општина ----------- и ---------------- – директор на ООУ --------------------------------- во истата општина и оформен е предмет број 12-1088/1 од 13.02.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости при организирање на исхрана за учениците на територијата на Општина -------------. Подносителот на пријавата се повикува на член 22 став 1 точка 8 од Законот за локалната самоуправа според кој општините се надлежни за организирање на превоз и исхрана на ученици. Општина ---------------- имала актуелен договор за 2019 година, кој истекувал на 31.12.2019 година и поради тоа општината и градоначалникот биле должни да спроведат постапка за јавна набавка пред истекот на овој рок. На седум дена пред истекот на договорот ООУ ------------------------------------ во име на сите основни училишта во општината објавува оглас за групна јавна набавка за топол оброк за учениците без спроведување на електронска аукција, со само неколку дена рок на доставување на понудите (од 23.12.2019 до 27.12.2019 година) за набавка со вредност од над 30 милиони денари. Кратките рокови оставале сомнеж за законитоста на постапката, како и дека ќе се постигне најниска цена. Во продолжение се наведува дека еден од критериумите бил приоритетната дејност на економскиот оператор да биде „услуги за доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг)" со што се ограничува конкуренцијата меѓу економските оператори. Во оваа постапка понуди доставиле два економски оператори, од кои

вториот со пониска понуда ја обжалил одлуката за избор, која жалба била уважена од Државната комисија за жалби по јавни набавки што директно потврдува дека постапката е незаконита. Еден ден пред да биде поништена постапката од ДКЖЈН, односно на 22.01.2020 година, директорот на училиштето доставил барање до Бирото за јавни набавки за спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас, по што на 24.01.2020 година БЈН доставува одговор дека поради итност може да се спроведе постапката со преговарање без објавување на оглас. На истиот дена кога е добиена согласноста училиштето склучило договор за постапка со преговарање без објавување на оглас за јавна набавка топол оброк за учениците на територијата на Општина ------------------------------ поради крајна итност предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди со правното лице ------------------------------------------------------------------------------------. Во врска со ваквиот тек на настаните, подносителот наведува дека постојат основани сомненија за корупција и незаконско постапување од страна на посочените лица. Имено, како што се наведува во пријавата, градоначалникот и директорот ги злоупотребиле дискреционите овластувања и постапиле крајно несовесно со што им нанеле штета на општината, родителите и учениците во училиштата. Во продолжение се наведува дека истите ги повредиле основните начела на Законот за јавните набавки и свесно креирале ситуација на итност бидејќи знаеле дека договорот со претходниот оператор истекува на 31.12.2019 година и биле обврзани порано да отпочнат со нова постапка за јавна набавка. Понатаму, она што според нив е сомнително е дека договорот за постапката со преговарање бил склучен за неколку часа од добивањето на согласноста од БЈН. Во врска со наведеното, подносителот бара од ДКСК да ја обезбеди целокупната документација и да иницира постапка за утврдување на одговорност пред надлежни органи , како и да провери која била понудената цена во претходната постапка од страна на правното лице со кое бил склучен договорот во постапката од итност и дали другиот економски оператор бил вклучен во постапката.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до Општина ----------------------- и ООУ --------------------------------, од каде што се добиени бараните информации со прилог документација, по што се констатира следното:

- Во доставениот одговор, институциите известуваат дека во конкретниот случај станува збор за набавка на посебни услуги која се спроведува согласно член 121 од ЗЈН, согласно кој договорниот орган ги применува начелата предвидени во истиот закон и не е предвиден законски рок во кој ќе се спроведува ваквата постапка, поради што се дава слобода на договорниот орган да постапува согласно претходно наведените начела. Постапката била објавена со краен рок за доставување на понудите на 27.12.2019 година, а имајќи предвид дека учениците имаат полугодишен распуст, како и роковите предвидени за постапката истото било доволно да се обезбеди континуитет во исхраната на учениците.;

- Во одговорот исто така се наведува дека градоначалникот ја иницира постапката по претходна иницијатива од страна на советот на родители во училиштето, па самото училиште или училишта преку директорите поднесуваат до градоначалникот иницијатива за организирање на ваква набавка по што тој дава одобрение за ваквата постапка. Овој процес во случајот започнал со писмено известување од ООУ --------------------------- од ден 19.12.2019 година дека врз основа на иницијатива на родителите е одржан состанок со другите училишта

на територијата на општината со цел да се организира набавка на топол оброк за 2020 година, а истиот ден била дадена согласност од градоначалникот. Во продолжение се наведува дека договорот со економскиот оператор како корисници на услугата го склучуваат родителите и истите ја плаќаат услугата, а дејствијата преземени од пријавените лица при организирање на постапката биле со цел во најкраток можен рок после иницијативата на родителите да биде спроведена постапката.;

- Во однос на јавната набавка на топол оброк, основните училишта на територијата на Општина ----------------- на ден 23.12.2019 година склучиле договор за извршување на групна набавка за календарската 2020 година координирано преку еден договорен орган во име на групата договорни органи, а по претходно прибирање на информации за бројот на ученици за кој е потребен топол оброк. Во однос на начинот на плаќање предвиден во договорот, се предвидува дека по склучување на договор со договорниот орган, економскиот оператор ќе треба да склучи поединечни договори со родителите од сите училишта вклучени во групната набавка, по што секој родител ќе биде обврзан да ги уплаќа средствата на сметката на носителот на набавката.;

- Одлуката за јавна набавка на угостителски услуги – топол оброк за учениците во основните училишта на територијата на Општина -------------------- била донесена на 23.12.2019 година, а истиот ден била објавена и тендерската документација на ЕСЈН во делот посебни услуги со краен рок за доставување на понудите до 27.12.2019 година до 10 часот. Во постапката за најповолна била избрана понудата на ------------------------------------------------------------------, додека понудата на група понудувачи со носител ---------------------------------- Скопје била отфрлена поради формален недостаток. Одлуката била обжалена од групата понудувачи, по што ДКЖЈН донела Решение бр.--------- од 23.01.2020 година со кое жалбата се усвојува, а се поништува тендерската документација и постапката за предметната јавна набавка. Во образложението ДКЖЈН наведува дека делумно се основани жалбените наводи дека договорниот орган не постапил согласно со одредбите од ЗЈН кои ја уредуваат материјата за посебни услуги. Имено, во конкретната постапка ДКЖЈН констатира дека договорниот орган ги запазил начелата на кои се темелат јавните набавки утврдени во член 3 од ЗЈН, освен минималниот рок за поднесување на понудите кој договорниот орган потребно е да го утврди како минимално утврдениот во ЗЈН со оглед и на проценетата вредност на набавката и потребното време за подготвување на понудите од страна на економските оператори. Исто така, ДКЖЈН констатира дека е основан жалбениот навод на жалителот кој се однесува на поставените услови и докази од точка 2.4.1 способност за вршење професионална дејност дека истите се дискриминирачки и ја ограничуваат конкуренцијата, во смисла на барањето приоритетната дејност на економскиот оператор да биде услуги за доставување на храна и пијалаци за посебни прилики (кетеринг). ДКЖЈН констатира дека со наведените дејствија договорниот орган ги сторил повредите од член 141 став (2) точка 5 и 6 од ЗЈН, односно критериумите за способност не се утврдени во согласност со овој закон и тендерската документација не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција.;

- Во однос на постапката со преговарање без објавување на оглас поради крајна итност која следела по претходно поништената постапка, ООУ ---------------------------------- поднело барање за мислење до БЈН на 22.01.2020 година и дополнување од 24.01.2020 година. БЈН на

24.01.2020 година има дадено претходно мислење дека во однос на барањето за спроведување постапка со преговарање без објавување на оглас за набавка на топол оброк за ученици со проценета вредност од 6.000.000,00 денари без ДДВ, а земајќи го предвид првичното и дополнителното образложение како и доказите во прилог, БЈН е на мислење дека во конкретниот случај се исполнети условите за спроведување на постапката со преговарање без објавување на оглас. Во оваа постапка понуди биле побарани од и понуди поднеле два економски оператори, при што за најповолна била избрана понудата на ДПТУ -------------------------------------------------------------------------, со речиси идентична понуда како и во претходната постапка. Овој договор бил склучен со времетраење од 60 дена од денот на неговото склучување (24.01.2020 година), но не подолго од 45 дена од писмениот налог, односно до исполнување на обврските од договорот или исцрпување на средствата предвидени за јавната набавка.;

- На 31.01.2020 година ООУ ------------------------------ побарало согласност од Општина ---------------- за отпочнување нова постапка и прибирање согласност од осум основни училишта на територијата на општината, за што истиот ден била добиена согласност од градоначалникот. Истиот ден бил склучен и договорот за групна набавка помеѓу овие училишта. Одлуката за јавна набавка на угостителски услуги – топол оброк за учениците во основните училишта на територијата на Општина ------------------ била донесена на 03.02.2020 година. На 17.02.2020 година на ЕСЈН во делот посебни услуги била објавена тендерската документација со покана за поднесување понуди. Против огласот и тендерската документација е изјавена жалба од страна на економски оператор, која жалба ДКЖЈН со решение бр. ------------- од 26.02.2020 година ја одбила како неоснована. Во оваа постапка била донесена одлука за избор на најповолна понуда на ДПТУ ---------------------------------------- со цена повисока од претходните две постапки за околу 20 денари, додека понудата на група понудувачи била отфрлена поради формален недостаток. Групата понудувачи со носител ---------------------------------------- Скопје изјавила жалба на одлуката за избор на најповолна понуда, која жалба ДКЖЈН со решение бр.-------------------------- од 01.04.2020 година ја одбила поради неоснованост.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека во конкретниот случај во однос на пријавените незаконитости во јавната набавка на посебни услуги, како и во однос на изборот на постапката со преговарање без објавување на оглас постапиле надлежни органи поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk